РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09- 2098/7
27 -05- 2019

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на седумнаесеттата седница одржана на ден 22 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-2098/1 од 29.03.2019 година, бидејќи во конкретниот случај не е утврдено прекршување на член 44, став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-2098/1 од 29.03.2019 година, да се затвори и да се архивира, а одлуката по истиот предмет од седмата седница одржана на 27.03.2019 година, да престане да важи во делот за поведување на прекршочна постапка каде е предвиден прекршок за наведената состојба.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-2098/1 од 29.03.2019 година е оформен по службена должност врз основа на извршената редовна проверка од доставената изјава за интереси од службеното лице Драгана Плешкова каде што е констатирано дека покрај функцијата член на Управен одбор на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија истовремено ја извршувал и функцијата член на Управен одбор на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје.

За надминување на констатираната повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија согласно со член 77 став 1 од истиот закон од лицето Драгана Плешкова побара во рок од 15 дена да го отстрани судирот на интереси.

На седницата одржана на ден 22 мај 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека нема основа за нејзино надлежно постапување, бидејќи во наведената состојба не е утврдено прекршување на член 44, став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси туку за не намерна грешка во називот на институцијата, односно на место ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија е наведено ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје, каде тоа што добиевме и одговор од ЈЗУ Универзитетска клиника за


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

радиотерапија и онкологија по барање од Државната комисија каде е наведено дека лице Драгана Плешкова не е член на Управен одбор во истото.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk